Mazedonisch

# К у ќ е н   р е д

## за градските преодни установи
## за избеглици и бездомници на градот Минстер [Stadt Münster]

Врз основа на § 3 став 4 од статутот на градот Минстер за употреба на градските преодни установи за избеглици и бездомници на градот Минстер од 16.12.2016 година се издава следниот куќен ред:

### § 1 Општо

(1) Градот Минстер одржува преодни установи за привремено сместување на избеглици и бездомници. За подршка во однос на ова градот има дадено налог на слободни носители на одговорност. Во статутот за користењето на градските преодни домови за избеглици и бездомници на градот Минстер се регулирани поблиски информации во однос на ова.

(2) Во градските преодни установи луѓето живеат многу блиzу едни до други. Овој куќен ред дава информации во однос на обврските на станарките и станарите како и во однос на обврските на посетителките и посетителите.

(3) За добар соживот покрај запазувањето на правилата од куќниот ред, неопходно е меѓусебното прифаќање, наизменичната обзирност и услужливост.

(4) Преодните установи се места без насилство. Било каков вид физичко, вербално или психичко насилство како и било каква форма на дискриминација нема да бидат толерирани.

### § 2 Лица за контакт – куќно право

(1) Градот Минстер и слободните носители на одговорност управуваат со градските преодни установи. Тие можат да бидат контактирани во однос на сите прашања кои што се однесуваат на преодните установи. Социјалната и куќната служба го обезбедува соодветното згрижување и сместување на станарките и станарите.

(2) Соработниците го извршуваат куќното право. Тие мора редовно да контролираат, дали се запазува куќниот ред. Нивните наредби треба да бидат извршувани.

### § 3 Соодност на користење

(1) Соодносот на користење е јавно-правен. Никој нема законско право да биде сместен во исклучиво одредена преодна установа, во одредени простории или во простории од некој одреден вид или големина.

(2) Во преодните установи, на семејствата или на истополовите самци им се дава на располагање соодветен станбен простор. Самците немаат право на тоа, да им биде доделена еднокреветна соба.

(3) Лицата кои што го уживаат правото да ги користат преодните установи, заради предметни причини во секое време можат да бидат префрлени во други преодни установи. Правото за користење на установата може да биде отповикано. Поблиски прашања се регулирани со статутот на градот Минстер за користењето на градските преодни установи за избеглици и бездомници.

## § 4 Право на влегување

Службениците на градот Минстер како и соработниците на слободните носители на одговорност можат да влезат во сите простории, установи и постројки:

- во работните денови помеѓу 7 и 18 часот после благовремено најавување и кога заради предметни причини е потребно влегувањето (на пр. вршење на поправки, проверка на состојбата, читањето на мерните апарати), по потреба можат да влезат и заедно со работнички и работници.
- во секое време при постоење на догледна ситуација на опасност.

## § 5 Простории

(1) Просториите кои што се дадени на располагање, смеат да бидат користени само од страна на оние лица на кои што тие простории им се доделени и тие смеат да бидат користени само за станување. Забрането е чување на животни.

(2) Станарките и станарите се должни, со ним доделените простории и инвентарот кој што им е даден на располагање, да се однесуваат грижливо. Од собите или од заедничките простории не смеат да бидат отстранувани парчиња мебел или електрични апарати. Поставување на приватен мебел или приватни електрични апарати начелно не е дозволено. Во врска со исклучоци ќе одлучува конкретното управно одделение на установата.

(3) Станарките и станарите не смеат да поставуваат сателитски антени во преодните установи или на самите згради. Инсталацијата на телефонски приклучоци односно давање налог за нивно поставување исто така не е дозволено.

(4) Станарките и станарите не смеат да изведуваат никакви измени на самата преодна установа.

(5) Станарките и станарите мора да се грижат за доволно греење и вентилирање на просториите во преодните установи кои што им се дадени на располагање.

(6) Постоечките заеднички простории можат да бидат користени во договор со градот Минстер за доброволни хумани проекти.

## § 6 Безбедност

(1) Лицата кои што живеат во преодните установи или кои што се посетители во нив, заради безбедносни причини во секое време мора да ја овозможат проодноста:

- на сите прозори и врати, на ходниците, на скалиштата и на перголите,
- на патиштата за спасување и за бегство, на приодите за пожарникарските возила и на влезовите во зградата

Подрумските прооди, просториите за сушење на вешот и просториите за перење на вешот не смеат да се употребуваат како опции за оставање на работи или складирање на предмети. Противправно оставани предмети без никаква понатамошна напомена ќе бидат отстранувани од страна на надлежната соработничка или од надлежниот соработник.

(2) Треба да се обрати внимание на општите одредби за заштита од пожари. Отворен пламен и оган не се дозволени. Материјали кои што можат да предизвикаат оган и експлозии не смеат да бидат складирани во преодните установи. Апарати за гаснење пожари и уреди за пријава на пожар смеат да се користат само во случај на пожар.

(3) Болести за кои што според §§ 6 и 34 од Законот за заштита инфекции [Infektionsschutzgesetz] постои обврска да се пријават, мора неодложно од страна на засегнатите лица или од другите станарки и станари кои што ќе дознаат за тоа, да бидат пријавени на социјалната или куќната служба. Болести за кои што постои обврска на пријавување меѓу другото се колера, дифтерија, хепатитис, вошки, сипаници, менингитис, заушки, голема кашлица, куга, рубеола, беснило, тифус или туберкулоза.

(4) Во преодните установи постои апсолутна забрана за пушење цигари. Лицата кои што ќе пушат во установата, ќе мора да сметаат со тоа дека ќе бидат парично казнети.

## § 7 Ред

(1) Станарките и станарите имаат должност да го запазат куќниот ред и да земаат обзир еден према друг. Галама која што го ремети мирот треба да се избегнува во било кое време од денот и ноќта. Ноќниот мир во времето од 22 до 7 часот мора да се запази.

(2) Лица кои што не се сместени во преодните установи смеат во установите или на терените кои што се дел од нив да се задржуваат само во временскиот период од 7 до 22 часот.

(3) Како во преодните установи така и на терените кои што се дел од неа, е забрането извршувањето на било каква дејност или слободна професија од било каков вид.

(4) Машините за перење на вешот и машините за сушење на вешот смеат да се употребуваат од страна на станарките и станарите на преодните установи исклучиво за перење и сушење на нивниот сопствен веш. Неопходно е да се запазат упатствата за употреба на апаратите. Мора да се обрати внимание и да се искористат капацитетите на апаратите.

(5) Вода смее да се употребува само за потребите на поединечните домаќинства како и за чистење на преодните установи. Посебно е забрането перењето на теписи. За перење на теписи, куќната служба во преодните установи изнајмува правосмукалки со мокро перење.

(6) Во преодните установи е забрането поседувањето или носењето на оружја од било каков вид како и и муницијата за нив. Исто така е забрането поседувањето или носењето на играчки, имитации на оружја и муниција, кои што толку многу личат на вистински оружја и нивна муниција, што другите би можеле да помислат дека станува збор за вистински оружја и муниција.

## § 8 Чистота

(1) Станарките и станарите мора прописно да ги чистат преодните установи и тамошните простории.

(2) Домашниот отпад треба да се одвојува според видот на отпадот и да се фрла во постоечките контејнери. Пред да се фрли специјален отпад, мора да биде исконсултирана куќната служба.

(3) Габаритни предмети смеат да бидат оставени крај тротоарот исклучиво во деновите кои што од Претпријатието за отпад на градот Минстер ќе бидат одредени како термини за фрлање на габаритни предмети. Нечистотии во или на самите преодни установи ќе мора да бидат отстранети од самите предизвикувачи на таквите нечистотии. Доколку тоа не го направат, чистењето ќе го извршат службениците на градот Минстер односно слободните носители на одговорност на трошок на лицата кои што ја предизвикале нечистотијата.

(4) Домашен и кујнски отпад како и други предмети не смеат да бидат фрлани во тоалети, лавабоа, тушеви или кади.

(5) Отпадни води смеат да бидат фрлани само во постоечките изливи, но не и на отворено.

## § 9 Моторни возила

(1) Моторни возила смеат да бидат паркирани на теренот на преодните установи исклучиво на паркиралиштата на установата или на местата кои што се означени како места на кои што смее да се паркира. Местата кои што се означени како паркиралишта за соработниците смеат да се користат исклучиво од страна на соработниците на градот Минстер или од страна на слободните носители на одговорност.

(2) На теренот на преодните установи смеат да бидат оставани исклучиво регистрирани возила.

(3) Ако некое возило е противправно оставено, ќе биде отстрането на трошок на сопственичката на возилото или на сопственикот на возилото.

(4) На терените на преодните установи не е дозволено менување на масло и вршење на поправки на моторните возила како и перење на моторните возила.

## § 10 Отселување

(1) Кога станарки и станари сакаат да се отселат од некоја од преодните установи, тие мора во врска со тоа неодложно – уште пред отселувањето – да го информираат градот Минстер односно куќната служба во устна или писмена форма. Пред отселувањето треба да бидат вратени изнајмените клучеви и останатите предмети кои што биле дадени на располагање.

(2) Ако некое од сместувалиштата без тоа да е дозволено не биде употребено подолго од еден месец, градот Минстер има право да го испразни. Трошоците за складирање на предметите на уредување и на личните предмети мора да бидат платени од страна на дотогашните станарки и станари и исто така ќе бидат платени и трошоците настанати за изработка на резервен клуч.

(3) Градот Минстер во писмена форма повикува, складираните предмети да бидат подигнати во одреден рок. Доколку тоа не се случи, тогаш градот Минстер смее да ги продаде предметите на аукција. Доколку не може да се дознае престојот на дотогашните станарки и станари, градот Минстер има право, после три месеци од празнењето на сместувалиштето, да ги продаде на аукција складираните предмети. Оние предмети кои што се очигледно неупотребливи или безвредни, можат веднаш да бидат уништени.

Минстер, на ден 12.03.2018 година

потп.

Маркус Леве (Markus Lewe)
Виш градоначелник